Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Бр. 21-2581/6

Скопје, 04-10-2022 година

**ДО**
**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МАРГИНАЛИЗИРАНИ РАБОТНИЦИ СТАР-СТАР**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ:** Доставува мислење по однос Предлог-иницијатива на Здружението за поддршка на маргинализирани работници Стар-Стар

Почитувани,

До Министерството за правда од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е доставена Предлог-иницијатива на Здружението за поддршка на маргинализирани работници Стар-Стар со која се предлага декриминализација на сексуалната работа.

Министерството за правда го разгледа Вашиот предлог и се произнесува дека во Кривичниот законик кој е од наша надлежност, сексуалната работа не претставува кривично дело, односно како таква не е инкриминирана. Во членот 191 „Посредување во вршење проституција" од Кривичниот законик е предвидена кривична одговорност и казнување на секој оној што врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, како и оној кој заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, така што со овој член се инкриминираат само дејствијата кои значат посредувањето во вршење проституцијата.

Воедно, Ве известуваме дека работната група при Министерството за правда која работи на подготовка на Предлогот на Кривичниот законик, за наведеното кривично дело воведе новина во самиот член, односно предвиде квалифициран облик ако делото е сторено при вршење на родово базирано насилство, согласно стандардите на Истанбулската конвенција.

Исто така, во Кривичниот законик се содржани бланкетни норми кои се поврзани со одредби од посебните закони, така што во за конкретниот случај доколку се донесе посебен закон во кој би се регулирање прашањата во однос на сексуалната работа, тој закон ќе има директна импликација врз одредени одредби во Кривичниот законик. Изготвувањето на ваков посебен закон би било во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, за што тие дополнително ќе се произнесат.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**д-р Никола Тупанчески**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup

Подготвил: Лазар Тасев, помлад соработник за норматива во кривична материја, Сектор за правосудство 30.09.2022
Одобрил: М-р.Никола Прокопенко, Државен советник за казнено законодавство


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828